# ЗАКОН ЗА СМЕТКОВОДСТВО (*)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува водењето на сметководството од страна на лицата одговорни за примената на овој закон, организацијата на сметководството, водење на сметководствена евиденција и начинот на водење на трговските книги, признавање и мерење на позициите во финансиските извештаи и обелоденување на информации, составување, поднесување и јавно објавување на финансиските извештаи, годишен извештај за работата, извештај за корпоративно управување, извештај за плаќања до државни органи, нефинансиско известување и надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон.

### Дефиниции

### Член 2

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „Извештај за финансиска состојба" е финансиски извештај во кој се прикажани средствата, обврските и капиталот на датумот на известување;

2) „Биланс на успех или извештај за добивката и загубата" е финансиски извештај кој ги прикажува приходите, расходите и резултатите од работењето, остварени во периодот на известување (финансиската година);

3) „Владејачко друштво" е друштво кое контролира едно или повеќе зависни друштва;

4) „Годишен финансиски извештај" е извештај кој се составува за финансиската година која може да соодветствува или да е различна од календарската година и кој дава вистинска и објективна слика на финансиската состојба и резултатот на бизнисот на трговецот;

5) „Група" е владејачко друштво и сите негови зависни друштва;

6) „Зависно друштво" е друштво кое е под контрола на владејачко друштво, вклучувајќи ги и сите зависни друштва на крајното владејачко друштво;

7) „Извештај за парични текови" е финансиски извештај кој прикажува информации за приливи и одливи на пари и парични еквиваленти во текот на периодот на известување;

8) „Извештај за останата сеопфатна добивка" е финансиски извештај кој се состои од ставки на добивки и загуби кои не се признаваат во Билансот на успех, но според барањата на поединечните

---

(*) Со овој закон се врши усогласување со Директивата 2013/34/ЕУ на Европскиот Парламент и на Советот од 26 јуни 2013 година за годишните финансиски извештаи, консолидирани финансиски извештаи и поврзани извештаи за одредени видови претпријатија, за изменување на Директивата бр.2006/43 на Европскиот Парламент и на Советот и за укинување на Директивата бр.78/660/ЕЕЗ и 84/349?349 на Советот и со Директивата 2014/95/ЕУ на Европскиот Парламент и на Советот од 22 октомври 2014 година за изменување на Директива 2013/34/ЕУ во однос на објавување на нефинансиски информации и информации за разновидноста на одредени големи претпријатија и групации

МСФИ, односно МСФИ за МСЕ, се признаваат како елементи на останата сеопфатна добивка, односно во капиталот;

9) „Извештај за промени во главнина” е финансиски извештај кој прикажува информации за промените на капиталот во текот на извештајниот период;

10) „Исплата (кон државни институции)” е износ кој е платен во пари, добра или услуги од страна на трговци кои работат во екстрактивна индустрија или се занимаваат со сечење на примарни шуми, за активности од следниот вид:

-права на производство;

-данок на приход, производство или добивка на трговците, не земајќи ги предвид данокот на додадена вредност или други давачки поврзани со потрошувачката како и данокот на личниот доход;

-тантиеми;

-дивиденди;

-бонуси за потпишување, откривање и производство;

-трошоци за лиценца, рента, воведни надоместоци, концесиски надоместоци или други надоместоци поврзани со лиценца или концесија и

-исплати за подобрување на инфраструктура.

11) „Консолидиран годишен финансиски извештај” е финансиски извештај на економската единица (група) која ја сочинуваат владејачкото друштво и сите зависни друштва;

12) „Материјалност” е атрибут на информацијата кој подразбира дека нејзиното пропуштање или погрешно претставување може да влијае на одлуките донесени од корисниците на финансиските извештаи. Материјалноста на поединечни ставки треба да се оценува во контекст на други слични ставки;

13) „Меѓународни стандарди за финансиско известување (МСФИ)” се меѓународни стандарди за финансиско известување прифатени и објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија”;

14) „Меѓународен стандард за финансиско известување за мали и средни ентитети (МСФИ за МСЕ)” е меѓународен стандард за финансиско известување за мали и средни ентитети прифатен и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија”;

15) „Белешки кон финансиските извештаи” е финансиски извештај кој содржи описи или расчленувања на ставките презентирани во другите финансиски извештаи, применетите сметководствени политики, како и информации за ставки кои не се квалификувале за признавање во овие извештаи и се значајни за проценка на финансиската состојба и резултатот на бизнисот, како и други информации во согласност со барањата на МСФИ, односно МСФИ за МСЕ, согласно овој закон, односно подзаконскиот акт донесен врз основа на овој закон;

16) „Поврзана страна” е физичко или правно лице кое е поврзано со правното лице во смисла на значењето определено со прифатените Меѓународни стандарди за финансиско известување;

17) „Поврзани правни лица” се било кои две или повеќе правни лица во групата;

18) „Правно лице од јавен интерес” е правно лице дефинирано согласно одредбите од Законот за ревизија;

19) „Придружен ентитет” е друштво во кое значајно учество има друго друштво и врз чија оперативна и финансиска политика тоа друго друштво има значајно влијание. Се смета дека друштвото има значајно влијание врз друго друштво ако има 20% но не повеќе од 50% основната главнина односно најмалку 20% но не повеќе од 50% од гласачките права;

20) „Проект”, се оперативни активности кои се уредуваат со единствен договор, лиценца, закуп, концесија или сличен договор и претставува основа за плаќање на обврските кон државните

органи. Ако неколку такви договори се значително меѓусебно поврзани, тогаш тие се сметаат за еден проект;

21) „Сметководствен документ” е пишан документ или електронски запис за настаната деловна промена со која се докажува промена на средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите на трговецот.

22) „Трговец што работи во екстрактивната индустрија” е правно лице со дејности кои опфаќаат истражување, пребарување, откривање, развој и екстракција на јаглен, сурова нафта и природен гас, метални руди, руди на обоени метали, други ископи и вадење на камен, песок, глина, чакал итн;

23) „Трговец што се занимава со сечење на примарни шуми” е правно лице кое врши дејност сечење дрва во шума и не опфаќа сечење дрва во повеќегодишни насади;

24) „Учество” е право во капиталот на други друштва, стекнато врз основа на удел или акции коишто во основната главнина на другото друштво се претставени со најмалку 10%, но не повеќе од 20% од основната главнина на друштвото, стекнати со намера да придонесат во деловните активности на друштвото кое ги стекнало овие права.

25) „Хеџинг” е техника за намалување на ризикот кога друштвото користи деривативен или сличен финансиски инструмент за да ги анулира идните промени на објективната вредност или парични текови од одредено средство или обврска.

Примена на закон

Член 3

(1) Одредбите на овој закон важат за сите трговци, стопанска интересна заедница како и за единиците основани во странство, доколку со прописите на тие земји не е утврдена обврска за водење деловни книги и за изготвување финансиски извештаи.

(2) Одредбите на овој закон се применуваат и на други физички лица со седиште на територијата на Република Северна Македонија кои вршат дејност согласно Националната класификација за дејности, доколку со друг пропис поинаку не е уредено.

(3) По исклучок од одредбите на став (1) на овој член, доколку со прописите на други земји е утврдена обврска на единиците за водење на сметководство, субјектот ги применува одредбите од овој закон кои се однесуваат на консолидираните извештаи.

(4) Одредбите од овој закон се применуваат и на подружница организирана од странски трговец, која врши стопанска дејност на територијата на Република Северна Македонија, како и на правни лица кои вршат дејност одредена со Националната класификација на дејности, кои не се сметаат за трговци, доколку со други прописи поинаку не е уредено.

(5) Одредбите од овој закон не се однесуваат на буџетите и корисниците на буџетски средства, станбените згради, како и на организациите за задолжително социјално осигурување, освен ако со посебен пропис поинаку не е уредено.

(6) Одредбите од овој закон не се применуваат на црквите и верските заедници, освен во делот на вршење на стопански или други работи, согласно прописите со кои се уредува вршењето на тие работи.

Водење на сметководство

Член 4

(1) Трговците се должни да ги водат трговските книги, да ги признаваат и мерат средствата и обврските, приходите и расходите, да составуваат, прикажуваат и обелоденуваат информации во финансиските извештаи согласно овој закон и согласно прифатените Меѓународни стандарди за финансиско известување (во натамошниот текст: МСФИ и МСФИ за МСЕ).
(2) Правните лица од јавен интерес ги применуваат правилата пропишани со овој закон кои се однесуваат на големите трговци без разлика на вкупниот приход, вредноста на вкупните средства или просечниот број на вработени во текот на деловната година, освен во случаите кои се поинаку пропишани со овој закон.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СМЕТКОВОДСТВОТО

### Организација на сметководството

### Член 5

(1) Трговците со интерен акт ја уредуваат организацијата на сметководството, на начин што овозможува сеопфатно евидентирање, спречување и навремено откривање на неправилно евидентираните деловни промени, ги одредуваат лицата кои се одговорни за составување и контрола на сметководствените документи за деловните настани, го регулираат движењето на сметководствените документи и ги утврдуваат роковите за нивно доставување на понатамошна обработка и ажурирање на трговските/деловните книги.

(2) Трговецот со интерниот акт од став (1) на овој член ги определува и видовите и обликот на помошните книги што ги води.

(3) Водењето деловни книги е организирано на таков начин што овозможува:
1) контрола на влезните податоци од сметководствените документи;
2) контрола на точноста и комплетноста на евидентираните податоци;
3) увид во прометот и состојбата на сметките во главната книга;
4) увид во хронологијата на евидентираните деловни и сметководствени настани и
5) складирање и користење на податоците за потребите на подготвување на сметководствени прегледи и сметководствено-финансиски информации.

(4) Деловните книги/трговските книги се водат по системот на двојно книговодство, кој подразбира дека секоја деловна промена која претставува сметководствен настан се евидентира истовремено на најмалку две сметки, од кои едната се задолжува а другата се одобрува. Деловните книги по системот на двојно книговодство се водат со примена на единствени сметки пропишани во сметковен план.

(5) Деловните книги кои се водат по системот на двојно книговодство се: дневник, главна книга и аналитичка евиденција (помошни книги).

(6) Трговците задолжително ги водат дневникот, главната книга и аналитичка евиденција (помошни книги) на основни средства и благајна, освен ако поинаку не е уредено со закон. За водењето на друга аналитичка евиденција трговците одлучуваат самостојно.

(7) Трговецот кој врши обработка на податоци со помош на компјутер, должен е да користи сметководствен софтвер кој овозможува функционирање на системот за внатрешна сметководствена контрола и спречува бришење на регистрирани сметководствени и деловни настани и трансакции.

### Сметководствени документи

### Член 6

(1) Сметководствената евиденција за деловните настани се врши врз основа на веродостоен сметководствен документ.

(2) Испраќачот е одговорен да обезбеди дека влезните податоци во телекомуникацискиот систем или средството за електронска размена на податоци и документи се засноваат на сметководствен документ, како и да обезбеди чување на оригиналниот сметководствен документ.

(3) Сметководствениот документ треба да биде составен на начин од кој стручното лице може недвосмислено да ја сознае основата, природата и содржината на деловниот настан или деловната промена.

(4) Сметководствениот документ се составува во потребен број примероци на местото и во моментот на настанување на деловната промена.

(5) Основ за евидентирање на деловната промена, може да биде и фотокопија од сметководствениот документ, под услов на фотокопијата да се наведе местото на чување на оригиналниот документ и неговата автентичност да биде потврдена со потпис од одговорното лице.

(6) Министерот за финансии на предлог на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Институтот) со упатство поблиску ги пропишува елементите и карактеристиките кои треба да ги содржат различните документи, податоци, исправи и евиденции за да се сметаат за валидни сметководствени документи за деловните настани.

Одговорност за вистинитост на сметководствени документи

Член 7

(1) Лицето кое го составува сметководствениот документ со својот потпис е одговорно за вистинитоста и комплетноста на податоците во документот, за точноста на неговата пресметка и за веродостојноста на настанатата деловна промена.

(2) Доколку сметководствениот документ е составен како електронски запис, задолжително содржи електронски потпис или друга идентификациона ознака на одговорното лице, односно на лицето овластено за издавање на сметководствениот документ, согласно законот со кој се уредуваат создавањето, складирањето и обработката на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Трговецот согласно интерен акт за организација на сметководството е должен пред да ги внесе податоците од сметководствениот документ во деловните книги, да одреди одговорно лице кое треба да изврши проверка на веродостојноста на документот.

(4) Одговорното лице од ставот (3) на овој член со својот потпис потврдува дека сметководствениот документ е веродостоен, односно целосен, вистинит, математички точен и реално (веродостојно) ја покажува деловната промена.

(5) Трговецот е должен да ги преземе сите неопходни мерки за заштита на сметководствените документи од загуба, оштетување и промена и да осигура дека потребната техничка опрема, носителите на податоци и софтверот се заштитени од злоупотреба.

## III. ВИДОВИ ТРГОВСКИ КНИГИ, ВОДЕЊЕ НА ТРГОВСКИ КНИГИ И ЧУВАЊЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ДОКУМЕНТИ, ТРГОВСКИ КНИГИ И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Видови трговски книги

Член 8

(1) Трговските книги претставуваат единствена евиденција за промените и состојбата на средствата, обврските и капиталот, приходите и расходите на трговците. Трговските книги кои се

водат по системот на двојно книговодство се дневник, главна книга и помошните книги (аналитичка евиденција).

(2) Дневникот обезбедува хронолошка евиденција за деловните настани кои имаат сметководствени ефекти за финансиските извештаи. Дневникот може да се води како една трговска книга или како повеќе поврзани трговски книги наменети за деловни настани поврзани со одредени билансни или вонбилансни позиции.

(3) Главната книга ги содржи сметките утврдени со сметковниот план кои според потребите на трговецот биле искористени да се евидентираат промените во средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите и се основа за составување на финансиските извештаи.

(4) Доколку се користат помошни книги за аналитичка евиденција на одредени аналитички конта, трговецот е должен ажурно да ги пренесува во главната книга.

(5) Помошните книги се аналитичка евиденција за различни видови средства и обврски, како: нематеријални средства, недвижен имот, постројки и опрема, вложувања во недвижности, долгорочни и краткорочни финансиски вложувања, побарувања од купувачи и други краткорочни побарувања, обврски спрема добавувачи и други деловни обврски, обврски за заеми и други билансни позиции.

Начин на водење трговски книги

Член 9

(1) Трговските книги се водат на начин кој ќе овозможи секое трето лице експерт, при прегледувањето на податоците во книгите да стекне општ преглед и увид во работењето, финансиската состојба и резултатот од работењето на трговецот.

(2) Трговецот ги води трговските книги на македонски јазик, со арапски цифри и вредности изразени во денари. Доколку се користат кратенки, кодови, знаци и симболи, задолжително треба да се објасни нивното значење.

(3) Сите податоци регистрирани во трговските книги треба да бидат целосни, навремени, ажурирани и хронолошки да го одразуваат временскиот редослед на настаните кои се евидентирани.

(4) Регистрираниот податок евидентиран во трговските книги не е дозволено да се менува или дополнува на начин од кој што подоцна не може да се утврди што е првобитно евидентирана содржина, а што подоцнежно изменување или дополнување.

(5) Трговецот е должен да зачува примерок од секое испратено деловно писмо. Зачуваниот примерок треба да биде идентичен со испратениот оригинал.

(6) Трговските книги се водат за финансиска година што е еднаква на календарската година, освен во случај кога трговските книги се водат за финансиска година која е различна од календарската година согласно овој закон.

(7) По исклучок на одредбите од ставот (6) на овој член, деловната година може да биде пократка од 12 последователни календарски месеци, во случај на основање трговец, статусна промена, ликвидација, стечај и во други случаи согласно со закон.

(8) Трговските книги се отвораат на почетокот на финансиската година врз основа на пренесените салда и завршниот биланс од претходната година.

(9) Новоформираните трговци отвораат трговски книги врз основа на почетните салда од основачкиот биланс, кој се составува врз основа на списокот на средства и обврски, со состојба на денот на регистрација во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кој се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија, (во натамошниот текст: Централен регистар) односно кај друг надлежен орган.

Сметковен план

Член 10

(1) Трговските книги по системот на двојно книговодство се водат со користење на единствени сметки пропишани со сметковниот план. Со сметковниот план се утврдени сметките коишто се задолжителни за сите друштва, освен ако со закон поинаку не е уредено.

(2) Секој трговец согласно своите потреби може пропишаните сметки од сметковниот план да ги расчлени на аналитички сметки во сопствен аналитички сметковен план.

(3) Министерот за финансии го пропишува сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план за сите трговци.

(4) По исклучок на одредбите од ставот (3) на овој член, сметковниот план на банките, односно сметковниот план на друштвата за осигурување и реосигурување го пропишува Советот на Народната банка на Република Северна Македонија односно Советот на експерти на Агенцијата за осигурување на Република Северна Македонија, а сметковниот план на отворените и затворените инвестициски фондови и на друштвата што управуваат со нив, како и на други видови инвестициски фондови уредени со посебен закон го пропишува Комисијата за хартии од вредност согласно законот со кој се уредува работењето на инвестициските фондови.

Лица кои водат деловни книги и подготвуваат финансиски извештаи

Член 11

Лицето одговорно за водење на трговски книги, изготвување и поднесување на финансиските извештаи треба да ги исполнува условите утврдени со Законот за вршење на сметководствени работи.

Член 12

(1) Водењето трговски книги, изготвувањето и поднесувањето финансиски извештаи, трговец може да му го довери на друг трговец согласно законот со кој се уредува вршењето на сметководствените работи.

(2) Трговецот кој водењето на трговските книги,изготвувањето и поднесувањето на финансиски извештаи го доверил на друг трговец останува целосно одговорен за доделените работи и обезбедување на непречен пристап и извршување на инспекциски и надзорни активности врз сметководствената документација од страна на други институции и тела.

Затворање на трговски книги

Член 13

(1) Трговските книги се затвораат по евидентирање на сите деловни промени и пресметки на крајот на деловната година, како и во случај на статусни промени и престанок на работење.

(2) Трговските книги се затвораат најдоцна до крајниот рок за доставување финансиски извештаи.

(3) По затворањето на трговските книги, во нив не може да се врши евиденција.

Чување на трговски книги, сметководствени документи и финансиски извештаи

Член 14

(1) Трговците се должни уредно да ги чуваат сметководствените документи, трговските книги и финансиските извештаи.

(2) Финансиските извештаи и годишните извештаи за работењето, трговците се должни да ги чуваат трајно.

(3) Трговските книги и помошната аналитичка евиденција се чуваат најмалку десет години од истекот на годината за која што се однесуваат.

(4) Трговците се должни при престанок на работата, да ги предадат трговските книги и финансиските извештаи во Државниот архив на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Државен архив).

(5) Државниот архив должен е да ги чува трговските книги и финансиските извештаи на трговците кои престанале со работа најмалку пет години од денот на приемот на трговските книги и финансиските извештаи од ставот (4) на овој член.

(6) Сметководствените документи се чуваат најмалку пет години од истекот на годината во која што се искористени за составување на трговските книги, освен документите за пресметка и аналитичката евиденција на плати коишто се чуваат трајно.

(7) Финансиските извештаи, трговските книги и сметководствените документи се чуваат во изворна форма или пренесени на некои од медиумите за автоматска електронска обработка или микрографска обработка на податоци, односно со средства за архивирање утврдени согласно законот со кој се уредува архивското работење.

(8) Сметководствените документи, трговските книги и финансиските извештаи се чуваат во деловните простории на трговецот на кој се однесуваат или деловните простории на трговецот на кој му е доверено водење на трговските книги.

(9) Доколку трговските книги се чуваат на компјутер, заедно со зачуваните податоци, трговецот треба да обезбеди и чување на апликативниот софтвер за податоците да бидат достапни за контрола.

(10) Доколку трговецот од технички причини не е во можност да обезбеди функционалност на апликативниот софтвер што се користи за внесување, обработка и зачувување на сметководствените податоци, должен е документот со податоци да го зачува во печатен јасен формат.

Презентација во судски постапки

Член 15

(1) Во текот на судска постапка судот може, на предлог или по службена должност, да нареди едната и/или другата и/или двете странки да му ги поднесат на увид трговските книги.

(2) Во случајот од став (1) на овој член содржината на трговските книги се разгледува во присуство на странките до онаа мера до која тие се однесуваат на конкретниот спор, а доколку е потребно, ќе биде направен и препис.

(3) Другата содржина на трговските книги може да биде поднесена на увид на судот до мерата до којашто тој треба да процени дали трговските книги биле водени уредно, правилно и законито.

## IV. ПОПИС И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА СО СМЕТКОВОДСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ

### Обврска за вршење на попис

### Член 16

(1) Трговецот е должен да:

- изврши попис на средствата и обврските на почетокот на работењето односно при основање, со евидентирање на поединечните количини и парични износи во материјална евиденција;
- направи усогласување на прометот и состојбата од главната книга со помошните книги (аналитичката евиденција) пред извршување на пописот и
- изврши попис на средствата и обврските најмалку еднаш годишно во деловната година и сметководствената состојба на средствата и обврските да ја усогласи со фактичката состојба утврдена со пописот.

(2) Трговецот од ставот (1) на овој член со општ акт може да предвиди и подолг период за попис на книги, филмови, архивски материјал и слично, но не период подолг од пет години.

(3) Начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот ги пропишува министерот за финансии.

### Дополнителни обврски за вршење на попис

### Член 17

(1) Покрај обврската за вршење на попис согласно член 16 од овој закон, трговецот е должен да изврши попис и во случај на статусни промени, отворање или затворање на стечајна постапка, ликвидација и промена на цените на стоките, како и во други случаи предвидени со закон.

(2) Доколку од сметководствената евиденција на трговецот може да се обезбедат податоци за вредноста на стоката на залиха при настаната промена на цените на стоките, пописот на средствата во тој случај за трговецот не е задолжителен.

## V. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРИНЦИПИ, ПРАВИЛА И СТАНДАРДИ НА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

### Општи сметководствени принципи

### Член 18

(1) Трговците ги подготвуваат финансиските извештаи под претпоставка на пресметковната основа на сметководството. Според оваа претпоставка, деловните настани и трансакции сметководствено се евидентираат кога настаните ќе се случат односно ќе се појават, а не кога ќе се примат или платат пари. Ефектите од деловните настани се вклучуваат во финансиските извештаи во периодите за кои настаните се однесуваат.

(2) Трговците вообичаено ги подготвуваат финансиските извештаи под претпоставка дека друштвото ќе продолжи да работи во континуитет во догледна иднина, односно друштвото нема намера да ликвидира или значајно да го ограничи обемот на работење.

(3) Во спротивен случај, доколку постои таква намера друштвото треба да ја преиспита и да ја обелодени користената основа за вреднување на одредени средства или обврски.

(4) Деловните настани и трансакции треба да бидат опфатени во сметководството и презентирани во финансиските извештаи според нивната суштина и економска реалност а не само според нивната правна форма утврдена во сметководствените документи.

(5) Сметководителите треба да го почитуваат принципот на претпазливост при справување со неизвесностите поврзани со многу настани и околности кои имаат ефекти на финансиската состојба и резултати. Претпазливоста значи при расудување во услови на неизвесност да се вклучи одреден степен на внимателност така што средствата и добивката да не бидат преценети а обврските и расходите да не бидат потценети.

(6) Трговците ги применуваат и останатите сметководствени принципи и концепти утврдени во Рамката за подготвување и презентирање на финансиски извештаи на која базираат голем дел од прифатените и објавени МСФИ, како и сметководствените принципи и концепти опфатени во прифатениот и објавен МСФИ за МСЕ.

(7) По исклучок на одредбите од ставот (6) на овој член, отстапувањата од општите сметководствени принципи се дозволени само во случај на примена на поединечните барања на МСФИ, односно МСФИ за МСЕ.

(8) Доколку примената на одредбите од овој закон, подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, како и МСФИ и МСФИ за МСЕ не би била доволна за да се добие вистинско и објективно прикажување на средствата и обврските, приходите и расходите, трговецот треба да презентира дополнителни информации потребни за усогласување со тоа барање во белешките кон финансиските извештаи.

Делокруг на примена на МСФИ и МСФИ за МСЕ

Член 19

(1) Големите трговци, трговците кои согласно друг закон подлежат на ревизија на финансиски извештаи, трговците кои имаат обврска да изготвуваат консолидирани финансиски извештаи, котираните друштва како и акционерските друштва со посебни обврски за известување, за признавање на сметководствени ефекти на деловните настани врз елементите од финансиските извештаи, последователното мерење односно вреднување на билансни позиции на секој датум на известување, презентирање и обелоденување на информации во белешките кон финансиските извештаи, ги применуваат МСФИ.

(2) Средните трговци за признавање на сметководствени ефекти на деловните настани врз елементите од финансиските извештаи, последователното мерење односно вреднување на билансни позиции на секој датум на известување, презентирање и обелоденување на информации во белешките кон финансиските извештаи, ги применуваат МСФИ за МСЕ.

(3) Микро и малите трговци за признавање на сметководствени ефекти на деловните настани врз елементите од финансиските извештаи, последователното мерење односно вреднување на билансни позиции на секој датум на известување, презентирање и обелоденување на информации во белешките кон финансиските извештаи, го применуваат МСФИ за МСЕ.

(4) Министерот за финансии ќе го пропише начинот на водење на сметководство од ставовите (1), (2) и 3 на овој член со посебни прописи.

(5) МСФИ и МСФИ за МСЕ се ажурираат на годишна основа за да бидат усогласени со тековните стандарди, така како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Одборот за меѓународни сметководствени стандарди.

Член 20

(1) По исклучок на одредбите од член 19 ставови (2) и (3), малите и средни трговци можат да одлучат да ги применат МСФИ за признавање, последователно мерење, презентирање и обелоденување на информации во финансиските извештаи.

(2) Доколку малите и средни трговци одлучат да ги применат МСФИ, должни се да ги применуваат континуирано, односно најмалку пет последователни години од почетокот на примената на МСФИ.

## VI. ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ И ГОДИШНО ИЗВЕСТУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ И НЕФИНАНСИСКИ ИНФОРМАЦИИ

### Финансиски извештаи

Член 21

(1) Сите трговци се должни да изготвуваат редовни годишни финансиски извештаи за деловната година која е еднаква на календарската година, согласно овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

(2) Рокот за изготвување на редовните годишни финансиски извештаи не може да биде подолг од два месеци по истекот на деловната година, освен ако надлежен државен орган не го продолжи на три месеци.

(3) По исклучок на одредбите од ставот (1) на овој член, трговците со сезонски карактер на дејност или природа на оперативен циклус можат да ги изготват редовните годишни финансиски извештаи со последен ден од деловната година, кој е различен од календарската година, за што е неопходно да добијат решение од министерот за финансии врз основа на посебно барање.

(4) Покрај редовните годишни финансиски извештаи од ставот (1) на овој член, со договорот за основање на друштвото и/или статутот на друштвото, трговецот може да изготвува финансиски извештаи и за период покус од деловната година.

(5) Редовните годишни финансиски извештаи на сите трговци, со исклучок на микро трговците, вклучуваат:

1.извештај за финансиска состојба (биланс на состојба)

2. извештај за сеопфатна добивка (биланс на успех и извештај за останата сеопфатна добивка) и

3. белешки кон финансиските извештаи.

(6) Редовните годишни финансиски извештаи на трговците кои согласно член 19 од овој закон задолжително ги применуваат МСФИ, како и на трговците кои согласно член 20 избрале да ги применуваат МСФИ, како комплетен сет на финансиски извештаи согласно МСФИ вклучуваат:

1.Извештај за финансиска состојба

2.Извештај за сеопфатна добивка

3.Извештај за промени во главнината

4.Извештај за парични текови

5.Белешки кон финансиските извештаи.

(7) Содржината на редовните годишни финансиски извештаи на микро трговците опфаќа:

1.извештај за финансиска состојба (биланс на состојба) и

2.извештај за сеопфатна добивка (биланс на успех и извештај за останата сеопфатна добивка).

(8) Трговците чие работење се уредува со други прописи врз основа на кои органот или институцијата одговорна за супервизија на нивното работење ја пропишува формата и содржината на годишните финансиски извештаи се должни да изготвуваат годишни финансиски извештаи согласно овој закон и прописите кои го регулираат нивното работење.

(9) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на редовните годишни финансиски извештаи и не може да ја менува во текот на една деловна година.

Консолидирани годишни финансиски извештаи

Член 22

(1) Трговско друштво кое согласно законот со кој се уредуваат трговските друштва остварува преовладувачко влијание во едно или повеќе други друштва, секоја година е должно да подготвува и објавува консолидирани финансиски извештаи.

(2) Консолидирани финансиски извештаи е должен да подготви и објави и трговецот кој исполнува најмалку еден од следните услови:

1) има мнозинство гласачки права во друго друштво било посредно или непосредно,

2) има право да ги именува или отповика мнозинството членови на органот на управување или надзор на друго друштво, а истовремено е содружник или акционер на друштвото,

3) има право да врши преовладувачко влијание над друго друштво на кое е содружник или член, врз основа на договор склучен со другото друштво или врз основа на договорот за основање или статутот на тоа друштво,

4)мнозинството членови на органот на управување или надзор над друго друштво чиј содружник или член е, кои ја извршувале функцијата во тековната и претходната деловна година и сеуште ја извршуваат функцијата до составување на извештаите, се именувани на функцијата врз основа на реализација исклучиво на гласачките права на трговецот,

5) има контрола над мнозинството гласачки права во друго друштво врз основа на договор со други содружници или членови на тоа друштво каде што истовремено е содружник или член и

6) има обврска да ги применува МСФИ поединечно или како група на друштва и согласно барањата на МСФИ е должен да подготви консолидирани финансиски извештаи.

(3) За утврдување на гласачките права и правото на именување и отповикување на мнозинството членови во органот на управување или надзор во зависното друштво, за точките 1),

2), 4) и 5) од ставот (2), на овој член на гласачките права на трговецот се додаваат правата од ист вид кои ги поседуваат негови зависни друштва или други лица во свое име а за сметка на трговецот или неговите зависни друштва. Се одземаат правата поврзани со:

1) акции односно удели кои се држат за сметка на лица кои не се трговецот со преовладувачко влијание, ниту зависно друштво на трговецот.

2) акции односно удели кои:

- служат како залог под услов да се користат правата во согласност со примените упатства во врска со тој залог,

- се чуваат во врска со одобрени заеми како дел од нормална деловна активност, под услов поврзаните права да се користат во согласност со интересите на лицето кое ги обезбедува акциите или уделите.

Член 23

(1) Консолидирани финансиски извештаи се подготвуваат според правилата и барањата предвидени во МСФИ.

(2) Консолидирани финансиски извештаи се подготвуваат под ист датум на известување како и посебните финансиски извештаи на трговецот кој има обврска да подготви консолидирани финансиски извештаи.

(3) Годишните консолидирани финансиски извештаи вклучуваат:

1) Консолидиран извештај за финансиска состојба;

2) Консолидиран извештај за сеопфатна добивка;

3) Консолидиран извештај за промени во главнината;

4) Консолидиран извештај за паричните текови и

5) Консолидирани белешки кон финансиските извештаи.

Исклучоци од консолидација

Член 24

(1) Малите групи се ослободуваат од обврската за подготвување и објавување на консолидирани годишни финансиски извештаи, освен ако барем едно од поврзаните друштва во групата е правно лице од јавен интерес.

(2) Од обврската за подготовка на консолидирани финансиски извештаи и консолидиран годишен извештај за работата се ослободува и владејачко друштво, вклучувајќи и правно лице од јавен интерес, кое истовремено е зависно друштво на свое владејачко друштво (во натамошниот текст: контролирано владејачко друштво), освен ако контролираното владејачко друштво не издава хартии од вредност со кои се тргува на регулиран пазар во земјата или во земји членки на Европската Унија.

(3) Контролираното владејачко друштво од ставот (2) на овој член може да биде ослободено од обврската за подготовка на консолидирани финансиски извештаи, доколку е:

1) владејачкото друштво на контролираното владејачко друштво ги поседува сите удели или акции во контролираното владејачко друштво. Уделите или акциите во контролираното владејачко друштво кое ги поседува самото контролирано владејачко друштво, члeновите на неговите органи на управување согласно закон или договор за основање или статутот на контролираното владејачко друштво во тој случај не се земаат предвид;

2) владејачкото друштво на ослободеното контролирано владејачко друштво поседува 90 или повеќе проценти од сите удели или акции во контролираното владејачко друштво, а останатите

содружници или членови на контролираното владејачко друштво со писмена изјава се согласиле контролираното владејачко друштво да не подготвува консолидирани финансиски извештаи.

(4) Исклучоци од барањата од став (3) точки 1) и 2) на овој член може да се применат доколку:

1) годишните финансиски извештаи на ослободеното контролирано владејачко друштво и финансиските извештаи на сите негови зависни друштва се консолидираат во финансиски извештаи на поголема група на друштва, чие владејачко друштво на групата подлежи на одредбите од овој закон;

2) годишните финансиски извештаи на ослободеното контролирано владејачко друштво и финансиските извештаи на сите негови зависни друштва се консолидираат во финансиски извештаи на поголема група на друштва, чие владејачко друштво на групата подлежи на одредбите на законодавство на земји членки на Европската Унија;

3) консолидираните финансиски извештаи од точките 1) и 2) на овој став и консолидираниот годишен извештај за работата на поголемата група на друштва се подготвени од владејачкото друштво на таа група на друштва согласно одредбите од овој закон;

4) при доставување на финансиските и други извештаи ослободеното контролирано владејачко друштво доставува и:

1.консолидирани финансиски извештаи и консолидиран годишен извештај согласно точката 3) од овој став и

2. ревизорски извештај.

5) ослободеното контролирано владејачко друштво во рамки на своите белешки кон финансиските извештаи кои се дел од посебните годишни финансиски извештаи ќе обелодени:

1.назив и седиште на владејачкото друштво на поголемата група кое подготвило консолидирани финансиски извештаи согласно точката 3) од овој став и

2. кои се причините за ослободувањето од обврската за подготвување на консолидирани финансиски извештаи и консолидиран извештај за работата.

(5) Владејачко друштво не е должно во своите консолидирани финансиски извештаи да вклучи зависно друштво, вклучувајќи и правно лице од јавен интерес, доколку е исполнет најмалку еден од следните услови:

1) во случај кога информациите потребни за подготвување на консолидираните финансиски извештаи согласно овој закон не можат да се обезбедат без преголеми трошоци или непотребно доцнење;

2) акциите или уделите во зависното друштво се чуваат исклучиво за продажба при што владејачкото друштво може да докаже дека активно работи во насока на продажба на тие акции или удели или

3) постојат значајни долгорочни ограничувања кои значајно го попречуваат:

а) владејачкото друштво при остварувањето на своите права врз имотот или управувањето со тоа зависно друштво или

б) реализирање на заедничко управување со тоа зависно друштво.

(6) Владејачко друштво, вклучително и правно лице од јавен интерес, не е должно да подготви консолидирани финансиски извештаи, доколку:

1) сите негови зависни друштва, кои поединечно или групно се материјално незначителни од аспект на изготвување на годишниот консолидирани финансиски извештај и

2) сите негови зависни друштва може да бидат изземени од консолидација врз основа на ставот (5) од овој член.

## Ревизија на финансиски извештаи

## Член 25

(1) Под обврска за ревизија на финансиски извештаи се подведуваат:

1) годишните финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи на правни лица од јавен интерес;

2) годишните финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи на сите големи и средни трговци кои не се правни лица од јавен интерес;

3) годишните финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи на владејачки друштва кои не се опфатени со точките 1) и 2) од овој став.

(2) Под обврска за ревизија на финансиски извештаи се подведуваат и годишните финансиски извештаи и годишните консолидирани финансиски извештаи на трговци кои поднеле барање за одобрување на јавна понуда на хартии од вредност или на прием за тргување на регулиран пазар односно на трговци чии хартии од вредност се примени за тргување на регулиран пазар.

(3) Под обврска за ревизија на финансиски извештаи се подведуваат и финансиските извештаи на трговци кои учествувале во статусни промени или постапки на припојување, спојување или поделба како превземачи или новоосновани друштва, за финансиските извештаи подготвени на датумот на статусните промени.

(4) Трговците од ставот (3) на овој член кои учествувале во статусни промени, должни се ревидираните финансиски извештаи задолжително да ги достават до Централниот регистар во рок од 60 дена од настанување на статусна промена.

(5) Ревизијата на редовните годишни и консолидирани годишни финансиски извештаи се врши согласно прописите со кои се уредува вршењето на ревизијата.

(6) По извршената ревизија, овластениот ревизор должен е:

(а) да даде мислење дали:

1) годишниот извештај за работата е усогласен со редовниот годишен финансиски извештај за истата деловна година и

2) годишниот извештај за работата е изготвен согласно важечките законски одредби и

3) се дадени информациите од член 29 став (2) точки 2) и 3) и став (3) на овој закон;

(б) да подготви изјава:

1) дали врз основа на знаењето и разбирањето на трговецот и неговото опкружување стекнати во текот на ревизијата, утврдил материјално значајно погрешни прикажувања во годишниот извештај за работата и

2) во која ќе ја опише природата погрешните прикажувања од алинејата 1) доколку истите ги утврди.

(7) При вршењето на ревизијата, овластениот ревизор должен е да провери дали:

1) извештајот за корпоративно управување ги содржи и информациите од член 29 став (2) точки 1), 4) и 5) на овој закон;

2) годишниот извештај за работата содржи и нефинансиски извештај согласно член 31 став (1) на овој закон и

3) консолидираниот годишен извештај за работата содржи консолидиран нефинансиски извештај согласно член 32 став (4) на овој закон.

(8) Одредбите од став (6) на овој член соодветно се применуваат и на консолидираните годишни финансиски извештаи и на консолидираните годишни извештаи за работењето.

## Избор на овластен ревизор

Член 26

(1) Финансиските извештаи кои се предмет на ревизија согласно член 25 од овој закон не можат да бидат одобрени ако на нив не е извршена ревизија од овластено друштво за ревизија (во натамошниот текст: овластен ревизор).

(2) Овластениот ревизор го избира собирот на содружници, односно собранието.

(3) Овластениот ревизор се избира пред истекот на деловната година за којашто се врши ревизијата.

(4) Извршните членови на одборот на директори, односно членовите на управниот одбор или управителот на друштвото се должни да му овозможат на овластениот ревизор увид целокупната документација, вклучително и она што се смета за деловна тајна.

(5) Овластениот ревизор е должен да бара од лицата од ставот (4) на овој член објаснувања и докази што се потребни за вршење на уредно испитување на финансиските извештаи.

Обврска за доставување на извештај за ревизија

Член 27

(1) Извршните членови на одборот на директори, односно управниот одбор или управителот се должни веднаш по добивањето на извештајот за извршената ревизија, заедно со годишните финансиски извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото да ги достават на одборот на директори, на надзорниот одбор, односно на контролорот.

(2) Со извештајот за извршената ревизија, заедно со годишните финансиски извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото од ставот (1) на овој член, на одборот на директори, надзорниот одбор, односно на контролорот им се доставува и предлог на одлука за распределба на остварената добивка, којашто се доставува на собирот на содружниците, односно до собранието за одлучување.

(3) Неизвршните членови на одборот на директори, надзорниот одбор, односно контролорот е должен да ги провери годишните финансиски извештаи и предлогот на одлуката за распределба на добивката.

(4) На барање на неизвршните членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, овластениот ревизор е должен да присуствува на состанокот на одборот на директори, односно на надзорниот одбор.

(5) Неизвршните членови на одборот на директори, надзорниот одбор, односно контролорот му поднесува на собирот на содружниците, односно на собранието писмен извештај за резултатите од контролата.

(6) Во писмениот извештај од ставот (5) на овој член, неизвршните членови на одборот на директори, надзорниот одбор, односно контролорот го наведуваат начинот на којшто извршиле контрола и обемот на контролата над управувањето со друштвото за време на претходната деловна година.

(7) Во писмениот извештај од ставот (5) на овој член, неизвршните членови на одборот на директори, надзорниот одбор, односно контролорот ги наведуваат и резултатите од извршената ревизија на годишните финансиски извештаи и годишниот извештај за работата, приговорите на овластениот ревизор за подготвените финансиски извештаи и годишниот извештај за работата и предлагаат дали тие да бидат усвоени или не.

Годишен извештај за работата

Член 28

(1) Трговецот е должен да изготви годишен извештај за работата, кој вклучува објективен преглед на развојот и резултатите од неговото деловно работење и состојба, заедно со опис на главните ризици и несигурности (неизвесности) на кои е изложен трговецот.

(2) Годишниот извештај за работата треба да даде сеопфатна анализа на развојот и резултатите од деловното работење на трговецот и неговата состојба, согласно обемот и сложеноста на деловното работење.

(3) Доколку е потребно, анализата на развојот и резултатите од деловното работење на трговецот и неговата состојба согласно ставот (2) на овој член вклучува финансиски, а по потреба и клучни нефинансиски показатели за успех кои се важни за одредена активност, вклучувајќи и информации поврзани со животната средина и прашања за вработените.

(4) Во рамки на анализата, годишниот извештај за работата вклучува и повикување на износите прикажани во редовните годишни финансиски извештаи, како дополнителни објаснувања за тие износи.

(5) Годишниот извештај за работата содржи:

1) краток опис на деловните активности и организациската структура на трговецот;

2) веродостојна презентација на развојот на бизнисот, финансиската состојба и деловните резултати, вклучувајќи финансиски и нефинансиски показатели релевантни за одреден вид на деловна активност, како и информации за прашања поврзани со вработените;

3) информации за инвестиции насочени кон заштита на животната средина;

4) сите значајни настани по завршувањето на деловната година;

5) планиран иден развој;

6) истражувачки и развојни активности;

7) информации за купувањето на сопствени акции во текот на годината (податоци за количината и номиналната вредност на акции кои се купени и продадени, процент од сопственоста кој го претставуваат, идентично и за акциите кои се купени и се поседуваат на крајот на годината, објаснување за причините за купувањето);

8) информации за постојните подружници на трговецот;

9) податоци кои финансиски инструменти ги користи трговецот, доколку се значајни за проценка на финансиската состојба и успехот на деловното работење, односно податоци за:

а) целите и политиките поврзани со управувањето со финансискиот ризик, заедно со политиката за хеџирање на секој значаен вид планирана трансакција за која се користи сметководство за хеџинг;

б) изложеност на ценовен ризик, кредитен ризик, ризик на ликвидност и ризик од парични текови, стратегија за управување со овие ризици и проценка на нивната ефикасност.

(6) По исклучок на одредбите од ставот (1) на овој член, микро и малите трговци, освен ако се правни лица од јавен интерес, не се должни да изготвуваат годишен извештај за работата, со тоа што во нивните белешки кон финансиските извештаи задолжително обелоденуваат информации за купувањето на сопствени акции.

Извештај за корпоративно управување

Член 29

(1) Правни лица од јавен интерес чии хартии од вредност котираат на регулиран пазар во Република Северна Македонија, должни се да подготват извештај за корпоративно управување како составен дел на годишниот извештај за работата.

(2) Извештајот за корпоративно управување содржи најмалку:

1) Изјава за корпоративно управување, која упатува на:

а) правилата за корпоративно управување на кои подлежи правното лице од став (1) на овој член;

б) правилата за корпоративно управување што правното лице од став (1) на овој член доброволно одлучило да ги применува и

в) сите релевантни информации за практиките на корпоративно управување што ги надминуваат барањата на националното законодавство;

2) Опис на основните елементи на системот на внатрешни контроли и системот за управување со ризикот поврзан со процесот на финансиско известување;

3) информации за друштвото кое е предмет на понуда за преземање, утврдени во ставот (3) од овој член, во случај кога друштвото е должно да ги применува прописите со кои се уредува преземањето на друштвата;

4) информации за составот и работата на органите на управување и нивните комисии и

5) опис на политиката за различност и инклузивност која се применува во однос на органите на управување на правното лице од аспект на возраст, пол или образование и професија, како и наведување на целите на политиката за различност, односно начинот на кој се спроведува и резултатите во извештајниот период.

(3) Информациите од став (2) точка 3) на овој член се однесуваат на:

1) значајно директно или индиректно учество во капиталот на други друштва (вклучувајќи и индиректно учество во тој капитал преку пирамидални структури и меѓусебни учества);

2) имателите на хартии од вредност со посебни контролни права и опис на тие права;

3) ограничувања на гласачкото право, како што се ограничувања на гласачките права на имателите на одреден процент или број на гласови, роковите за остварување на гласачко право или случаите во кои во соработка на друштвото финансиските права од хартиите од вредност се издвоени од поседувањето на тие хартии од вредност;

4) правилата кои важат за именување и отповикување на членови на органот на управување и за измена на договорот за основање или статутот на друштвото и

5) овластувања на членовите на органот на управување, особено овластувања од областа на издавање или купување на хартии од вредност.

## Консолидиран годишен извештај за работата

### Член 30

(1) Владејачко друштво кое согласно член 22 од овој закон има обврска да изготви консолидирани годишни финансиски извештаи задолжително изготвува и консолидиран годишен извештај за работата.

(2) Консолидираниот годишен извештај за работата ги содржи информациите од член 28 став (5) од овој закон.

(3) Лицето одговорно за изготвување на консолидираниот годишен извештај за работата должно е да ги приспособи информациите од членовите 28 и 29 од овој закон:

1) при известувањето за деталите за стекнатите сопствени акции во консолидираниот годишен извештај за работата, го наведува бројот и номиналната вредност или, доколку нема

номинална вредност, книговодствената вредност на сите акции на владејачкото друштво што ги поседува владејачкото друштво, зависните друштва на владејачкото друштво или лица кои дејствуваат во свое име и за сметка на овие друштва и

2) во извештајот за корпоративното управување при известувањето за системите за внатрешна контрола и управување со ризици ги наведува основните карактеристики на системот за внатрешна контрола и управување со ризици во целина за правните лица кои се вклучени во консолидираните финансиски извештаи.

(4) Консолидираниот извештај за работата согласно ставот (1) на овој член и годишниот извештај за работата согласно член 28 од овој закон, трговецот може да ги подготви и да ги презентира двата извештаи како еден единствен извештај.

## Нефинансиски извештај

### Член 31

(1) Големите трговски друштва кои се правни лица од јавен интерес кои на датумот на билансот на состојба го надминуваат критериумот од просечен број од 500 вработени во текот на претходната деловна година, должни се во годишниот извештај за работата да вклучат и нефинансиски извештај.

(2) Нефинансискиот извештај од ставот (1) на овој член содржи информации потребни за разбирање на развојот на друштвото, деловните резултати и состојбата на друштвото како и резултатите од неговите активности врз животната средина, социјални прашања и прашања поврзани со вработените, почитување на човековите права, борбата против корупцијата и прашања поврзани со поткуп, вклучувајќи:

1) краток опис на деловниот модел на друштвото;

2) опис на политиките на друштвото во однос на наведените прашања, вклучувајќи ги и имплементираните постапки за анализата која се спроведува;

3) резултатите од тие политики;

4) основни ризици за овие прашања поврзани со деловните активности на друштвото, вклучувајќи ги, кога е релевантно и неопходно, неговите деловни односи, производи или услуги кои можат да предизвикаат негативни последици во тие области, како и начинот на кој друштвото управува со ризиците и

5) клучни нефинансиски показатели за успешност важни за деловното работење.

(3) Во случај кога друштвото не спроведува политики во врска со едно или повеќе прашања согласно ставот (2) на овој член, во нефинансискиот извештај ги наведува причините за нивното неспроведување.

(4) Доколку има потреба друштвото во нефинансискиот извештај се повикува на износите прикажани во годишниот финансиски извештај и дава дополнителни објаснувања за тие износи.

(5) По исклучок на одредбите од став (1) на овој член, друштвото кое е должно да подготви нефинансиски извештај може во извештајот да изостави информации за претстојните настани или прашања во текот на преговори со други лица, во случај кога согласно образложеното мислење на членовите на органот на управување кои носат колективна одговорност за тоа мислење, објавувањето на тие информации може да предизвика штета на деловното работење на друштвото, под услов таквото изоставување на информациите да не влијае на правично и објективно разбирање на развојот на друштвото, резултатите од деловното работење и положбата на друштвото, како и резултатите од неговите активности.

## Консолидиран нефинансиски извештај

### Член 32

(1) Владејачко друштво во група која е класифицирана како голема и која на датумот на билансот на состојба на консолидирана основа го надминува критериумот од просечен број од 500 вработени во текот на деловната година, е должно да подготви консолидиран нефинансиски извештај.

(2) Друштвото од ставот (1) на овој член е должно во консолидираниот годишен извештај за работата да го вклучи консолидираниот нефинансиски извештај.

(3) По исклучок на одредбите од ставот (1) на овој член, владејачкото друштво кое е истовремено и зависно друштво не е должно да подготвува консолидиран нефинансиски извештај, доколку тоа е ослободено контролирано владејачко друштво и неговите зависни друштва, се вклучени во консолидираниот годишен извештај за работата изготвен согласно овој член и согласно член 30 од овој закон.

(4) Консолидираниот нефинансиски извештај треба да содржи информации потребни за разбирање на развојот на групата, резултатите од деловното работење и положбата на групата, како и резултатот од нејзините активности врз заштитата на животната средина, социјалните прашања и прашања поврзани со вработените, почитувањето на човековите права, борбата против корупцијата и прашања поврзани со поткуп, вклучувајќи и:

1) краток опис на деловниот модел на групата;

2) опис на политиките на групата во однос на наведените прашања, вклучувајќи ги и имплементираните постапки за анализата која се спроведува;

3) резултатите од тие политики;

4) основни ризици за овие прашања поврзани со деловните активности на групата, вклучувајќи ги, кога е релевантно и неопходно, нејзините деловни односи, производи или услуги кои можат да предизвикаат негативни последици во тие области, како и начинот на кој групата управува со тие ризици и

5) клучни нефинансиски показатели за успешност важни за деловното работење.

(5) Во случај кога групата не спроведува политики во врска со едно или повеќе од прашањата наведени во ставот (4) на овој член, во консолидираниот нефинансиски извештај се наведуваат причините за нивното неспроведување.

(6) Доколку има потреба, во консолидираниот нефинансиски извештај, групата се повикува на износите прикажани во консолидираниот годишен финансиски извештај и дава дополнителни објаснувања за тие износи.

(7) По исклучок на одредбите од ставот (1) на овој член друштвото кое е должно да подготви нефинансиски извештај за групата може во извештајот да изостави информации за претстојните настани или прашања во текот на преговорите со други лица во случај кога согласно образложеното мислење на членовите на органот на управување кои носат колективна одговорност за тоа мислење, објавувањето на тие информации може да предизвика штета на деловното работење, положбата на групата или на некои од членовите на групата, под услов таквото изоставување на информациите да не спречи правично и објективно разбирање на развојот на групата, резултатите од деловното работење и положбата на групата, како и резултатите од нејзините активности.

## Извештај за исплати кон државни институции

Член 33

(1) Правни лица од јавен интерес кои работат во екстрактивната индустрија или сеча на примарни шуми должни се во годишниот извештај за работата да вклучат и извештај за исплатите кон државните институции на годишно ниво.

(2) Во извештајот од ставот (1) на овој член, за секоја деловна година се презентираат следните информации:

1) вкупниот износ на исплатите кон секое поединечно ниво на државна власт или институции;

2) вкупниот износ презентиран според видот на исплата од член 2 точка 10) од овој закон извршен поединечно кон сите нивоа на државна власт или институции и

3) вкупниот износ по вид на исплата, утврден во член 2 точка 10) од овој закон, платен за секој таков проект и вкупниот износ на исплата за секој таков проект во случај кога овие исплати се однесуваат на конкретен проект.

(3) По исклучок на одредбите од ставот (1) на овој член, владејачко или зависно друштво не го изготвува извештајот од ставот (1) на овој доколку се исполнети следните услови:

1) владејачкото друштво го применува овој закон;

2) владејачкото друштво е регистрирано и работи под јурисдикција на земја-членка на Европската Унија и

3) исплатите кон државните институции извршени од трговците се вклучени во консолидираниот извештај за исплатите кон државните институции подготвен од владејачкото друштво согласно членот 34 од овој закон.

(4) Исплатата кон државни институции, било поединечна или како серија на исплати во текот на деловната година, која не надминува износ од 100.000 евра во денарска противвредност, не треба да се земе во предвид и не е задолжително да се презентира посебно во годишниот извештај за работата.

(5) Доколку се извршени исплати во добра или услуги кон државните институции, тие се обелоденуваат со проценети вредности, доколку е потребно, во количина, со дополнителни информации за тоа како е проценета нивната вредност.

(6) Обелоденувањето на информации за исплатите кои се бараат во овој член треба да ја одразува суштината, а не формата на исплатата или активноста за која станува збор.

(7) Исплатите не треба да се делат или комбинираат, за да се избегне примената на одредбите од овој закон.

Консолидиран извештај за исплати кон државни институции

Член 34

(1) Правни лица од јавен интерес кои како владејачки друштва работат во екстрактивната индустрија или сеча на примарни шуми, должни се да подготват консолидиран извештај за исплатите кон државни институции согласно одредбите од член 33 на овој закон и истиот да го вклучат во консолидираниот годишен извештај за работата.

(2) Консолидираниот извештај за исплатите кон државни институции од ставот (1) на овој член ги вклучува само плаќањата кои произлегуваат од екстрактивните активности и/или активностите поврзани со сечата на примарните шуми.

(3) Владејачко друштво во смисла на овој закон, работи во екстрактивната индустрија или сеча на примарни шуми доколку тоа или некое негово зависно друштво работи во екстрактивната индустрија или сеча примарни шуми.

(4) По исклучок на одредбите од ставот (1) на овој член, консолидираниот извештај од ставот (1) на овој член, немаат обврска да го изготвуваат владејачките друштва на:

1) мала група, освен ако едно од зависните друштва е правно лице од јавен интерес;

2) средна група, освен ако едно од зависните друштва е правно лице од јавен интерес;

3) кое се применува овој закон, а кое е истовремено и зависно друштво, во случај кога овој закон важи и за неговото владејачко друштво и

4) кое се применува овој закон, а кое е истовремено зависно друштво, во случај кога на неговото владејачко друштво се применува правото на земјата-членка на Европската Унија.

(5) Информациите за работењето на зависно друштво, вклучително и правно лице од јавен интерес, не се вклучени во консолидираниот извештај за исплати кон државни институции доколку е исполнет барем еден од следниве услови:

1) долгорочни ограничувања значително го попречуваат владејачкото друштво во остварувањето на правата врз имотот или управувањето со тоа друштво;

2) во случај кога информациите потребни за подготовка на консолидираниот извештај за исплати кон државни институции согласно овој закон не се достапни без преголеми трошоци или непотребно доцнење и

3) акциите или уделите на тоа зависно друштво се чуваат исклучиво со цел нивна последователна продажба при што владејачкото друштво може да докаже дека активно работи на продажбата на тие акции или удели.

(6) Исклучоците од ставот (5) на овој член се применуваат само доколку се користат и за потребите на консолидираните годишни финансиски извештаи.

### Одговорност за изготвување и усвојување на извештаи

### Член 35

(1) Управителот на друштвото, членовите на органот на управување и органот на надзор, односно трговецот-поединец, како и одговорните лица од член 11 и 12 став (2) на овој закон, согласно нивните надлежности определени со закон или внатрешните акти на трговците, колективно се одговорни за вистинито и објективно прикажување на информациите во:

1) редовните годишни финансиски извештаи и годишниот извештај за работата и

2) консолидираните годишни финансиски извештаи и консолидиран годишен извештај за работата.

(2) Годишните финансиски извештаи ги потпишува сметководителот, односно овластениот сметководител кој е одговорен за нивното составување, при што го наведува датумот на нивното составување и потпишување и регистарскиот број под кој е евидентиран во соодветниот регистар кој се води во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија.

(3) Финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото кои се доставуваат во Централниот регистар задолжително ги потпишува законскиот застапник на трговецот.

(4) Финансиските извештаи кои се доставуваат во Централниот регистар во електронска форма се потпишуваат со електронски потпис на сметководителот, односно овластениот сметководител кој ги составил и/или на законскиот застапник на трговецот.

(5) Финансиските извештаи задолжително се усвојуваат и одобруваат од страна на собранието или собирот на содружници или друг надлежен орган на трговецот.

(6) Финансиските извештаи кои согласно овој или друг закон се предмет на ревизија неможат да бидат усвоени ако на нив не е извршена ревизија од друштво за ревизија.

## VII. ДИСТРИБУЦИЈА И ОБЈАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

### Рокови за изготвување и доставување на годишни финансиски извештаи

### Член 36

(1) Годишните финансиските извештаи одобрени од органот на управување трговците се должни да ги достават до Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година за претходната година.

(2) Во случај на отворање на постапката за ликвидација, стечајна постапка или при настанување на друга статусна промена годишните финансиски извештаи од ставот (1) на овој член, трговците се должни да ги достават до Централниот регистар во рок од 60 дена од денот на отварањето на постапката за ликвидација или стечајната постапка настанување на статусната промена.

(3) Финансиските извештаи кои се изготвени за покуси пресметковни периоди од деловната година, се доставуваат до крајот на наредниот месец по истек на последниот месец кој е вклучен во пресметковниот период.

(4) По исклучок на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, финансиските извештаи до Централниот регистар може да се достават во електронска форма до 15 март наредната година за претходната година.

(5) Надоместоците за поднесување на годишните финансиски извештаи во роковите од став 1,2 и 3 на овој член  се утврдуваат со тарифата на Централниот регистар на Република Северна Македонија. Трговците кои нема да ги достават годишните финансиски извештаи во роковите од став 1,2 и 3 на овој член, плаќаат посебен надоместок утврден со тарифата на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(6) Секој голем и среден трговец должен е годишните финансиски извештаи да ги достави до Централниот регистар само во електронска форма.

(7) Финансиски извештаи од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, Централниот регистар има обврска да ги обработи за потребите на Министерството за финансии.

(8) Трговците кои имаат извештајна деловна година различна од календарската година, должни се годишните финансиски извештаи, да ги достават најдоцна два месеци по истекот на извештајната деловна година.

(9) Трговците кои согласно членот 22 од овој закон подготвуваат консолидирани финансиски извештаи,  одобрени од органот на управување должни се да ги достават до Централниот регистар најдоцна до крајот на месец март наредната година за претходната година.

(10) По исклучок на одредбата од ставот (9) на овој член, трговците кои имаат  извештајна деловна година различна од календарската година, подготвените извештаи од член 22 на овој закон и одобрени од органот на управување, должни се да ги достават до Централниот регистар најдоцна во рок од три месеци по истекот на извештајната деловна година.

(11) Усвоените и одобрени годишни финансиски извештаи и годишниот извештај за работата, заедно со ревизорскиот извештај, трговецот е должен во препис да ги достави до Централниот регистар најдоцна 30 дена од денот на нивното усвојување, но не подоцна од 30 јуни наредната година за претходната година.

(12) По исклучок на одредбата од став (10) на овој член, трговците кои имаат извештајна деловна година различна од календарската година, должни се усвоените и одобрени годишни финансиски извештаи и годишниот извештај за работата, заедно со ревизорскиот извештај во препис

да ги достават до Централниот регистар во рок не подоцна од шест месеци по истекот на деловната извештајна година.

(13) Извештаите од ставовите (11) и (12) на овој член, трговецот должен е да ги стави на увид во деловната или друга просторија, и на истите право на увид има секој содружник или акционер.

(14) Одредбите од ставот (11) на овој член се однесуваат и на консолидираните годишни финансиски извештаи и консолидираниот извештај за работата кој заедно со ревизорскиот извештај на консолидираните извештаи трговецот должен е да ги достави до Централниот регистар.

(15) По исклучок на одредбите од ставовите (11) и (14) на овој член, надлежен орган или орган за надзор, за одредени трговци може да пропише период и рок различен од периодот и роковите утврдени во овој член за изготвување и доставување на годишните финансиски извештаи и годишниот извештај за работата заедно со ревизорскиот извештај.

(16) Покрај годишните финансиски извештаи од ставот (1) на овој член, со договорот за основање на друштвото и/или статутот на друштвото, трговецот може да изготвува финансиски извештаи и за период покус од деловната година.

(17) Трговците кои не вршеле трговска дејност односно немале деловни настани во деловната година, должни се до Централниот регистар да достават писмено известување дека не биле активни и финансиски извештаи во рокот предвиден во став 1 и став 4 од овој член.

(18) Министерот за финансии поблиску ги пропишува начинот и условите за поднесување на годишните финансиски извештаи во електронска форма.

Обработка на доставените годишни финансиски извештаи

Член 37

(1) Централниот регистар годишните финансиски извештаи доставени согласно член 36 на овој закон ги обработува и одобрува во рок од два месеца од истекот на роковите за доставување утврдени во членот 36 на овој закон.

(2) Доколку во доставените годишни финансиски извештаи, се констатираат недостатоци Централниот регистар должен е електронски да го извести лицето одговорно за составување, потпишување и поднесување на годишните финансиските извештаи на запишаната адреса на електронското сандаче.

(3) Лицето од ставот (2) на овој член должно е да ги отстрани констатираните недостатоци во годишните финансиски извештаи во рок од 5 дена од денот на известувањето.

(4) Доколку лицето не ги отстрани констатираните недостатоци во годишните финансиски извештаи во рокот утврден во ставот (3) на овој член, Централниот регистар должен е во рок од 15 дена од истекот на рокот утврден во ставот (3) на овој член електронски да го извести лицето за одбивање на поднесените годишни финансиски извештаи.

(5) По добивање на известувањето од ставот (4) на овој член, лицето има право да поднесе приговор до Централниот регистар во рок од пет работни дена од денот на приемот на известувањето од ставот (4) на овој член.

(6) По приговорот од ставот (5) на овој член, Централниот регистар одлучува со управен акт во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот.

(7) Централниот регистар поблиску ја пропишува формата и содржината на известувањето за прифаќање односно за одбивање на годишните финансиски извештаи.

Објавување на усвоените годишни финансиски извештаи

Член 38

(1) Податоците од годишните финансиски извештаи и годишниот извештај за работата се јавни и достапни на сите лица на начин и во постапка согласно овој и друг закон.

(2) Централниот регистар на Република Северна Македонија должен е да ги стави достапни годишните финансиски извештаи, годишниот извештај за работата и ревизорскиот извештај, како што се доставени во својата оригинална форма и содржина, во согласност со Законот за Централен Регистар

(3) Обврската за јавност и достапност од ставот (1) на овој член се однесува и на консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот годишен извештај за работата кои се доставени до Централниот регистар.

(4) Сите големи трговци, и друштва чиј предмет на работење се банкарски и други кредитни работи и работи на осигурување, друштва чии хартии од вредност се примени за тргување на регулиран пазар должни се во рок од 15 дена од усвојување на годишните финансиски извештаи, годишниот извештај за работата и ревизорскиот извештај, да ги објават на својата официјална интернет страница и да станат достапни на јавноста.

(5) По исклучок, на одредбите од ставот (4) на овој член, друштвата можат обврската за објавување од ставот (4) од овој член да ја исполнат со објавување на годишните финансиски извештаи без белешките кон финансиските извештаи и ревизорскиот извештај во дневен весник во рок од 15 дена од денот на одржување на собранието кога се усвоени.

Корегирање на финансиски извештаи

Член 39

(1) Во постапката на вршење на ревизија на годишните финансиските извештаи, на барање на овластениот ревизор, трговецот може да ги корегира претходно доставените годишни финансиски извештаи до Централниот регистар.

(2) Трговецот должен е до Централниот регистар да ги достави корегираните годишни финансиски извештаи и писмено известување дека претходно доставените годишни финансиски извештаи се корегирани.

(3) Доколку трговецот утврди дека во доставените годишни финансиски извештаи информациите не се прикажани вистинито и објективно, а собранието или друг надлежен орган на трговецот, донеле одлука за усвојување на годишни финансиски извештаи со променета содржина во однос на годишните финансиски извештаи кои се претходно објавени, трговецот сам може да побара корекција на претходно доставените годишни финансиски извештаи и годишниот извештај за работата.

(4) Во случајот од ставот (3) на овој член, трговецот, заедно со корегираниот финансиски извештај, доставува и ревизорски извештај и одлука за усвојување на корегираниот финансиски извештај.

(5) Централниот регистар поднесените корегирани финансиски извештаи од ставот (4) на овој член, има обврска да ги обработи во рок од 15 дена.

## VIII. КОНТРОЛА И НАДЗОР

Член 40

(1) Надзор над спроведување на одредбите од овој закон врши Министерството за финансии.

(2) Контролата и надзорот врз трговецот, стопанската интересна заедница и подружницата организирана од странски трговеција вршат инспекциски служби во рамките на надлежностите определени со закон.

(3) При вршењето на надзор инспекциските служби од ставот (2) на овој член поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка, доколку е сторен прекршок во врска со одредбите од овој закон.

## IX. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 41

(1) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност за трговец поединец, од 500-1000 евра во денарска противвредност за трговско друштво микро трговец, од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за трговско друштво мал трговец, 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за трговско друштво среден трговец, од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за трговско друштво голем трговец, ќе му се изрече на трговецот ако:

1) не ги подготви и не ги достави до Централниот регистар редовните годишни финансиски извештаи согласно член 21 и член 36 став 1 и 4 од овој закон;

2) во редовните годишни финансиски извештаи не се содржат пропишаните податоци согласно овој закон и поврзаните подзаконски акти кои ги донесува надлежен орган;

3) не води или уредно не ги води трговските книги согласно членовите 5 и 9 од овој закон;

4) не ги чува на соодветен и правилен начин трговските книги и другите сметководствени документи согласно член 14 од овој закон;

5) не организира и не спроведува попис на средствата и обврските согласно членовите 16 и 17 од овој закон и не ја усогласува состојбата на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена на пописот;

6) не ги поднесе до Централниот регистар усвоените ревидирани финансиски извештаи согласно член 36 став (11) од овој закон и

7) не ги стави на увид извештаите и не му дозволи на акционер или содружник увид во извештаите согласно член 36 став (13) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече и на одговорното лице кај трговското друштво за прекршоците од ставот (1) од овој член.

(3) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорниот сметководител односно овластен сметководител кај трговецот за прекршокот од ставот (1), точки 1), 2), 3) 4) и 5) од овој член.

(4) Покрај глобите од став (1) на овој член на трговецот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од една до три години, од денот на правосилноста на одлуката.

(5) Покрај глобите од став (1) на овој закон на одговорното лице кај трговецот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до три години, од денот на правосилноста на одлуката.

### Член 42

(1) Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за трговско друштво среден трговец, од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за трговско друштво голем трговец ќе му се изрече на трговецот ако:

1) не ангажира овластен ревизор за да изврши ревизија на годишните финансиските извештаи и годишниот извештај за работата или консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот извештај за работата согласно член 25 на овој закон;

2) не ги подготви и не ги достави до Централниот регистар, консолидираните финансиски извештаи и консолидираниот извештај за работата на групата согласно членовите 22 и 30 на овој закон.

(2) За прекршокот утврден во ставот (1) на овој член на трговецот односно на владејачко друштво ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од шест месеци до една година, од денот на правосилноста на одлуката.

(3) За прекршокот утврден во ставот (1) на овој член, на одговорното лице во трговското друштво, односно во владејачкото друштво ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од шест месеци до една година, од денот на правосилноста на одлуката.

Член 43

(1) Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за трговско друштво среден трговец, од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност за трговско друштво голем трговец ќе му се изрече на трговецот ако:

1) не подготви и не достави до Централниот регистар годишен извештај за работата согласно член 36 став (11) и (14) од овој закон;

2) годишниот извештај за работата не ги содржи податоци пропишани со член 28 став (5) од овој закон;

(2) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во трговското друштво, на член на органот на управување и/или органот на надзор за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Покрај глобите од ставот (1) на овој член, на трговското друштво ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од шест месеци до една година, од денот на правосилноста на одлуката.

(4) Покрај глобите од ставовите (1) и (2) на овој член, на одговорното лице во трговското друштво, на член на органот на управување и/или органот на надзор ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од шест месеци до една година од денот на правосилноста на одлуката.

Член 44

(1) Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице од јавен интерес кое е среден трговец ако:

1) не подготви и не достави до Централниот регистар годишен извештај за работата согласно член 36 став (11) и (14) од овој закон;

2) во годишниот извештај за работата не вклучи извештај за корпоративно управување согласно член 29 став (1) од овој закон;

3) извештајот за корпоративно управување не ги содржи пропишаните податоци од член 29 став (2) од овој закон;

4) работи во екстрактивната индустрија или сеча на примарните шуми и во годишниот извештај за работата не вклучи извештај за исплатите кон државните институции на годишно ниво;

5) извештајот за исплатите кон државните институции на годишно ниво не ги содржи податоци пропишани со член 33 од овој закон.

(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на правното лице од јавен интерес ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од шест месеци до една година, од денот на правосилноста на одлуката.

(3) Покрај глобата од ставот (1) на овој член, на одговорното лице во правното лице од јавен интерес, на член на органот на управување и/или органот на надзор ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од шест месеци до една година од денот на правосилноста на одлуката.

Член 45

(1) Глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице од јавен интерес кое е голем трговец ако:

1) не подготви и не достави до Централниот регистар годишен извештај за работата согласно член 36 став (11) и (14) од овој закон;

2) во годишниот извештај за работата не вклучи извештај за корпоративно управување согласно член 29 став (1) од овој закон;

3) извештајот за корпоративно управување не ги содржи податоците пропишани со член 29 став (2) од овој закон;

4) во годишниот извештај за работата не вклучи нефинансиски извештај;

5) нефинансискиот извештај кој е дел од годишниот извештај за работата не ги содржи податоци пропишани со член 31 од овој закон;

6) работи во екстрактивната индустрија или сеча на примарните шуми и во годишниот извештај за работата не вклучи извештај за исплатите кон државните институции на годишно ниво;

7) извештајот за исплатите кон државните институции на годишно ниво не ги содржи податоци пропишани со член 33 од овој закон.

(2) Покрај глобата од ставот (1) на овој член на трговецот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од шест месеци до една година, од денот на правосилноста на одлуката.

(3) Покрај глобата од ставот (1) на овој член, на одговорното лице во правното лице, на член на органот на управување и/или органот на надзор ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од шест месеци до една година од денот на правосилноста на одлуката.

Член 46

Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорниот овластен сметководител кај трговското друштво, ако Годишниот извештај за работата на друштвото не ги содржи пропишаните податоци согласно членовите 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34 од овој закон.

Член 47

(1) Надлежен орган кој може да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците утврдени во членовите 41 став (1) точки 1), 2) и 6), член 42, 43, 44 и 45 од овој закон е Централниот регистар.

(2) Надлежен орган кој може да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците утврдени во член 41 став (1), точки 3), 4), и 5) од овој закон е Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија.

Член 48

(1) Централниот регистар е надлежен за водење на постапка за порамнување за прекршоците утврдени во член 41 став (1), точка 1, 2, 6, член 42 став (1) и член 43 од овој закон.

(2) Централниот регистар ја спроведува постапката за порамнување на начин и рокови пропишани во Законот за прекршоци.

(3) Барањата за поведување на прекршочна постапка Централниот регистар ги доставува до надлежниот суд по спроведување на постапката за порамнување.

(4) За прекршоците наведени во ставот 1 од овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(5) Во постапката на порамнување од ставот (1) на овој член известувањата се вршат на адресата на електронското сандаче на трговското друштво запишана во трговскиот регистар.

(6) Доколку друштвото нема запишано адреса на електронско сандаче, известувањата се објавуваат на официјалната интернет страница на Централниот регистар.

(7) Известувањето е уредно извршено доколку е објавено на официјалната интернет страница на Централниот регистар по истекот на рокот од 8 дена од денот на објавувањето.

Член 49

Одмерување на висината на глобата се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 50

За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 52

Сите трговци независно од дејноста, како и трговцитекои согласно Законот за вршење на сметководствени работи се регистрирани за давање на сметководствени услуги и се членови на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, должни се да се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 53

(1) Подзаконските акти кои произлегуваат од овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(2) Подзаконските акти кои што произлегуваат од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15,

6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 195/18, 38/18, 239/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 290/20 и 215/21) ќе се применуваат до денот на примената на соодветните подзаконски акти донесени врз основа на овој закон.

Член 54

Одредбите од член 25 ставови (6) и (7) од овој закон ќе се применуваат на ревизиите на финансиските извештаи и консолидираните финансиски извештаи за финансиските години кои започнуваат по влегувањето во сила на овој закон.

Член 55

Одредбите од членовите 26, 27, 28, 29, 30, 31 и 32 од овој закон ќе се применуваат започнувајќи од извештаите кои трговските друштва ќе ги подготвуваат за финансиската година која започнува по влегување во сила на овој закон.

Член 56

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.